**20100480894**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 април 2010 година.

Бр. 07-1560/1
7 април 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ БРЗ ТРАНСФЕР НА ПАРИ

Член 1

Во Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија“ број 77/2003 и 54/2007), во членот 2 точка 4 зборовите: „100 земји“ се заменуваат со зборовите: „20 земји од кои најмалку десет се членки на Организацијата за економска соработка и развој“.

Член 2

Во членот 6 став 1 точка 8 бројот „100.000“ се заменува со бројот „20.000“.

Член 3

Во членот 7 точката 2 се менува и гласи:

„2) акти за начинот на работењето и програма за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам одобрена од Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;“.

Точката 6 се менува и гласи:

„6) за трговските друштва кои работат подолго од 12 месеци, извештај за биланс на состојба и биланс на успех од Централниот регистар на Република Македонија;“.

Во точката 10 зборовите: „100 земји“ се заменуваат со зборовите: „20 земји од кои најмалку десет се членки на Организацијата за економска соработка и развој“.

Член 4

Во членот 7-а став 2 точка 2 зборовите: „100 земји“ се заменуваат со зборовите: „20 земји од кои најмалку десет се членки на Организацијата за економска соработка и развој“.

Член 5

Во членот 12 точка 2 по зборот „пари“ се додаваат зборовите: „и финансирање на тероризам“.

Член 6

Во членот 27 по зборот „пари“ во третиот и петтиот ред се додаваат зборовите: „и финансирање на тероризам“.

Член 7

Во членот 37 став 1 точка 11 по зборот „пари“ во вториот и четвртиот ред се додаваат зборовите: „и финансирање на тероризам“.

Член 8

Во членот 38 став 1 точка 4 по зборот „пари“ во вториот и четвртиот ред се додаваат зборовите: „и финансирање на тероризам“.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.